Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 14-11-2014

Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
01	5651	1	

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ
blizoo
Бр. 0306-1826
14.11.2014 год.
Скопје

До: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Р. Македонија
ул. ВМРО бр.3, 1000 Скопје

Од: Близу ДООЕЛ Скопје,
бул.Трета македонска бригада бр. 48, 1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење по Нацрт – Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси

Почитувани,

Во врска со Нацрт – Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, сметаме дека одредени одредби од истиот треба да бидат изменети во насоки на усогласување на истите со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и со останатите закони на Р. Македонија.

Имено, станува збор за членот 8 од Нацрт – Правилникот за содржината и формата на пријавата за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврдата за регистрација на програмски пакети/сервиси, каде сметаме дека точките 4, 5 и 7 треба да се избришат, пред се поради фактот што Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги предвидува ex poste (отпосле) утврдување на уреденоста на авторските права, кои пак се уредени со Законот за авторското право и сродните права, каде надзорот над уредувањето на споменатите права го врши државен орган во точно утврдена постапка. Во контекст на погоре наведеното е и членот 18 став 1 алинеа 7 каде е утврдена надлежноста на Советот на Агенцијата да го информира надлежниот орган за авторските права и сродни права, кога ќе се посомнева дека е сторена повреда на истите. Од ова произлегува дека надзор над оператори на јавни комуникациски мрежи и/или даватели на јавни комуникациски услуги од страна Агенцијата, согласно член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата врши на програмските пакети кои операторите ги реемитираат, а не и на уреденоста на авторските права, па точките 4,5 и 7 од членот 8 од Нацрт – Правилникот не се во склад со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Исто така сметаме дека глават 5, членот 15 треба да се избрише, бидејќи истата ги уредува формата и другите карактеристики на договорот за реемитирање и друга пропратна документација, што неспорно е предмет на Законот за авторското право и сродните права, а не на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во обрацецот на Пријавата кој е Прилог бр. 1 кон Нацрт – Правилникот исто така треба да се имплементираат предложените измени, доколку истите се прифатат од Ваша страна.

Близу ДООЕЛ Скопје
Бул.Трета македонска бригада бр.48
1000 Скопје, Македонија
ЕДБ: 4030006601740
тел: +389 2 613 1 613
089 011 011
факс: +389 2 2468 820

Членот 17 би требало да се допрецизира во насоки на појаснување дека копија од претходно издадена потврда операторот доставува во случај на грешка при нова пријава за регистрација на пакет програмски сервиси, а што беше појаснето на работната средба остварена во Агенцијата по повод Нацрт – Правилникот на ден 06.11.2014 година.

Покрај горенаведените размислувања, би сакале да нагласиме дека значително олеснување би претставувала и можноста за електронска регистрација на пакетите програмски сервиси од страна на операторите, а што е предвидено и во членот 141 став 16 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, па доклоку сметате дека е потребно во оваа фаза, во Нацрт – текстот на Правилникот можете да го доуредите електронскиот формат на регистрација на пакетите програмски сервиси од страна на операторите.

Се надеваме дека нашите предлози и размислувања ќе бидат сериозно разгледани од Ваша страна, за што однапред Ви се заблагодаруваме.

Со почит,

БЛИЗУ ДООЕЛ Скопје,

Кирил Трендафилов
Главен Извршен Директор

14.11.2014 година, Скопје